Република Северна Македонија
ЈУ Специјален завод ДЕМИР КАПИЈА
Бр. 04-523/4
11.11. 2021 год.

Врз основа на член 212 став 12 , од Законот за Социјална заштита (Службен весник на Република Северна Македонија бр.104/2019, 146/19 ,275/19 ,302/20 и 311/20 ) **член 20 став 2 алинеа 2 од Законот за вработените во јавниот сектор** (Службен весник на Република Македонија" број 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 „Службен весник на Република Северна Македонија" број 143/19 и Закон за изменување и дополнување на Законот за вработените во јавниот сектор, Сл. весник на РСМ, бр. 14 од 20.01.2020 година) по добиена Согласност од Министерство за финансии **бр. 18-6510/2 од 28.07.2021 година,** ВД Директорот на ЈУ Специјален завод Демир Капија донесе

ОДЛУКА

за унапредување на работно место медицинска сестра

**1.СЕ УНАПРЕДУВА** давателот на услуга **Даниела Илова** од работно место неговател на работно место медицинска сестра.

2.Одлуката за избор ќе биде објавена на веб страницата на установата и на огласната табла на установата.

3.Избраниот кандидат Договорот за вработување ќе го потпише по конечноста на Одлуката за избор.

4.Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Образложение

ВД Директорот по добивањето на согласност од Министерството за финансии бр 18-6510/2 од 28.07.2021 година за унапредување на едно лице од работно место неговател на работно место медицинска сестра донесе Одлука бр.04-294/4 од 03.08.2021 година за објавување на интерен оглас за унапредување на 1 едно лице на работно место медицинска сестра во ЈУ специјален Завод Демир Капија , помошно стручен службеник од второ ниво ,категорија Б2 со шифра на работното место СОЗ0303Б02010 во Службата за институционално згрижување на корисници – Оддел за здравје и нега на корисниците и формира Комисија за селекција на кандидати во состав Татјана Трајкова претседател,Душица В.Димова и Ѓорѓи Танев членови ,а нивни заменици Марија Колева,Валентина Недева и Мара Иванова.

Беше објавен Интерен Оглас на 03.08.2021 година и по интерниот оглас во архивата на Установата пристигна само една пријава .Поради распишување на локалните избори ВД Директорот донесе Решение бр.04-523/1 од 11.08.2021 за ставање во мирување на започнатата постапка за селекција на кандидати по ИНТЕРЕН ОГЛАС 01/2021 .По конечноста на локалните избори во општина Демир Капија се донесе Решение бр.04-523/2 од 09.11.2021 за продолжување на започнатата постапка за селекција на кандидати по интерниот оглас.

До ВД Директорот комисијата по проверката на веродостојноста на доказите доставени по единствената пријава доставена во архивата на установата од Даниела Илова достави Записник заверен во Архива на установата под.бр.04-523/3 од 09.11.2021 година.

Пријавата на единствениот кандидат беше комплетна т.е кандидатот Даниела Илова ги исполнува општите и посебните услови утврдени со Закон за работното место медицинска сестра.

ВД Директорот по приемот на Записникот од Комисијата за селекција донесе одлука како од диспозитивот од истата.

ПРАВНА ПОУКА:Против одлуката кандидатите имаат право на Приговор до Државната комисија за одлу;ување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен

ВД Директор
Александра Велковска